Март 2019

**ДО: Сите заинтересирани страни**

**ПРЕДМЕТ: ИЗВЕСТУВАЊЕ ЗА ИМПЛЕМЕНТИРАНИ ИЗМЕНИ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ОСИГУРУВАЊЕ НА ПОСЕВИ И ПЛОДОВИ**

Почитувани,

Ве известуваме дека објавениот Пречистен текст на општите услови за осигурување на посеви и плодови е врз основа на претходно извршено усогласување на постојниот текст на Условите со цел законско доусогласување на текстот на истите.

Се прифаќа предлогот за усвојување на измена и дополнување на Оштите услови за осигурување посеви и плодови (Арх.бр. 2493/0202/1/17 од 27.02.2017 година), како што следи:

**Во член 3 се брише втората реченица од точката (4). Точката (4) ќе гласи:**

**„**(4) Во случај на несогласување на некои одредби од Општите и/или Посебните услови и некои одредби од полисата се применуваат одредбите од полисата."

**Во член 20 став 1 точката (3) се дополнува и истата ќе гласи:**

„(3) Во случај посевите, односно плодовите да бидат оштетени за време на жетвата (бербата) Осигуреникот е должен и пред процена на штетата да ја обави жетвата или бербата во координација со осигурувачот, со цел спречување на понатамошното зголемување на штетата и да остави репрезентативен примерок согласно условите и праксата, доволен за утврдување на причината за штета и процентот на оштетувањата на културата".

**Во член 20 став 1 точката (8) се менува и ќе гласи:**

„(8) Обврска на Осигуреникот е да остави доволно докази за утврдување на обем и висина на штетата(од аспект целосно да не се ожнее културата или целосно да се собере плодот) согласно овие услови".

**Во член 21 став 3 по точката (7) се додава нова точка (8) која ќе гласи:**

„(8) Во самата проценка се утврдува процент на оштетување на културата и плодот како и причината-ризикот за настанување на штетата".

**Во член 21 став 9 по табелата се менуваат постојните ставови и истите ќе гласат:**

„Пример 1. Доколку имаме сума на осигурување од 100.000,00 денари и имаме делумна штета со основен ризик од 30% висината на оштета ке биде:
100.000,00 * 0,7% = 30.000,00 – 13% (тр.за неиз.раб.) = 26.100,00 – 20% (франшиза) = 20.880,00 ден.

Пример 2. Доколку на сума на осигурување од 100.000,00 ден. имаме тотална штета од 80%, висината на оштета ке биде:
100.000,00 * 0,2% = 80.000,00 – 23% (тр.за неиз.раб.) = 61.600,00 -20% (франшиза) = 49.280,00 ден.

Кај втора штета и штети после тоа, се применуваат истите пресметки со тоа што франшизата е 30%.
Пресметката на штетата за надомест исклучиво се прави на начин даден во примерите 1 и 2 дадени погоре. „

Сите останати членови во Оштите услови за осигурување посеви и плодови остануваат непроменети.

Пречистениот текст на Оштите услови за осигурување посеви и плодови е објавен на web страната на ВИНЕР.
Со почетокот на примената на изменетите и дополнети Ошти услови за осигурување посеви и плодови од 28.03.2019 година, престануваат да важат Оштите услови за осигурување посеви и плодови 2493/0202/1/17 од 27.02.2017 година.

Со почит,
**Акционерско друштво за осигурување**
**ВИНЕР - Виена Иншуренс Груп Скопје**